Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11,123/12,93/13,187/13 и 42/14), **Градоначалникот на Општина Свети Николе** , на ден 26.11.2014 година, донесе

**Одлука за неспроведување на стратегиска оцена**

1. За планскиот документ Измена и дополна на Детален урбанистички план за дел од МЗ.„1“ населба „Рецко Маало“ плански опфат меѓу ул.„Маршал Тито“,ул.„Гоце Делчев“,ул.„11-ти Октомври“,ул.„Септемвриска“ и крак на ул.„8-ми Ноември“ Свети Николе, Општина Свети Николе, 2014-2019 год. кој се носи согласно Закон за просторно и урбанистичко планирање („Сл. Весник на Р.М.“ бр.51/2005; 137/2007; 151/2007; 91/2009; 124/2010; 18/2011; 53/2011; 144/2012; 55/2013; 163/2013 и 42/2014) не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.
2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Општина Свети Николе www.svetinikole.gov.mk.
3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето на планскиот документ Измена и дополна на Детален урбанистички план за дел од МЗ.„1“ населба „Рецко Маало“ плански опфат меѓу ул.„Маршал Тито“,ул.„Гоце Делчев“,ул.„11-ти Октомври“,ул.„Септемвриска“ и крак на ул.„8-ми Ноември“ Свети Николе, Општина Свети Николе, 2014-2019 год. нема да има влијание врз животната средина од следните причини: Со усвојување на планскиот документ нема да има значително влијание врз животната средина од причина што се предвидува промена на границите на градежните парцели и зголемување на површините за градење на градежните парцели со изградба на новопредвидените и доградба и надградба на постоечките објекти согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање(„Сл.Весник на РМ“бр.63/12,126/12,19/13,95/13,167/13,37/14,125/14 и 148/14) и во планскиот опфат има изградена постоечка комунална инфраструктура.
4. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Министерството за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Бр.09-145 од 26.11.2014 г.
Место Свети Николе

Изработил:
Стефче Пејчиновски,дги

Градоначалник,
Зоран Тасев, с.р.